уметничка галерија - куманово



# БОЖУРСКИ

## ГОЦЕ ЈАКИМОВСКИ — БОЖУРСКИ

Роден е 1958 г. во Куманово. Историја на уметност дипломирал 1984 г. во Скопје, кај Проф. д-р Б. Петковски. Член е на ДЛУК од 1985 г. и на ДЛУМ од 1989 г. Се занимава и со ликовна критика. Објавувал во „Современост“, „Беседа“, „Наш весник“, „Ликовен живот“ и др. Контакт адреса: тел.: 0901-30-428.
тел.: 901-30-428.

Самостојни изложби:

1983, Врање, Дом на ЈНА
1986, Белград, Галерија „БИГЗ“
1988, Штип, Уметничка галерија „Безистен“
1990, Титов Велес, Ликовен салон

Групни изложби (избор)

Од 1985 г. на сите изложби што ги организирало ДЛУК (Куманово, Врање, Битола, Штип и др.)

1985, Гацин Хан, Ликовна колонија „16 Воденици“
— Врање, Бујановац, Куманово, Свети Николе и Струмица, Ликовна колонија „Прохор Пчињски“

1987, с. Белчишта, Дом на културата и Охрид, Изложбен салон на Домот на културата „Григор Прличев“, Уметничка колонија „Дебарца“

1988 Штип, Уметничка галерија „Безистен“, Современо македонско сликарство (од колекцијата на Галеријата)
— Охрид, Изложбен салон на Домот на културата „Григор Прличев“, Уметничка колонија „Дебарца“ (избор)

1989 Скопје, Музеи на Македонија, Македонските уметници за Ерменија
— Кикинда, Народен музеј, Салон младих
— Скопје, МСУ, Биенале на младите
— Белград, Југословенските уметници за Ерменија
— Скопје, Салон на ДЛУМ, Новопримени членови

1990 Скопје, Културно-информативен центар, Мал формат
— Куманово, Уметничка галерија, Мајски салон
— Скопје, Галерија „Глам“, Есенски ликовен салон — 68 македонски автори

1991 Скопје, галерија „Харфа“, Сликарството и традицијата

Награди:

1985 — Скопје, I награда за сликарство, Културно-информативен центар
— Гацин Хан, I награда за сликарство на Лик. кол. „16 Воденици“

1988 — Куманово, II награда на ДЛУК

## ИЗВАДОЦИ ОД КРИТИКАТА

... На тој начин Јакимовски го избегнува можното повторување, покажувајќи дека означаен е принципот *како*, од она *што* е насликано, со настојување да се осмислат и поврзат карактеристичните форми и содржини во делото. Првиот спонтан уметников поттик низ постапната ликовна обработка на предметот, добива разни изразни форми и содржини откривајќи рефлекси на извесен „реалистички концептуализам" и една врста поппартизам со иреална нота. Облите форми на лубеницата кои сугерираат органски инпулс на предметот некаде се „загадени" со урбана атмосфера. Во некои дела карактеристичните зелени пруги се претвораат во монохромна површина, кои преаѓаат во група полукружни форми — глави, потенцирајќи мотив од еден вид „урбана природа" во овие дела.

Во платната на Јакимовски подоследно е применет принципот на миметичкото сликарство, додека во црно-белите цртежи прави означаен отклон кон експериментот во творештвото.

Во таа смисла творештвото на Јакимовски во своите обиди определби се чини интересно во контекстот на еден дел од современата македонска ликовна уметност.

В. Величковски

... Оваа деликатна мајсторија во привидот на едноставноста, Божурски ја компензира со психологизираните ефекти на целината низ посегањето на нијансите и премините меѓу светлината и мракот, зашто обликувањето на светлото е задржано само врз амбиентот со насетени продори врз „моделот". Токму затоа, сеуште е видлива конструкција на овие две настојувања: наративноста во композициската структура и карактеризација на целината на атмосферата, чие обединување следи со прочистување на дескриптивното и продирање во граничните свери на полусветлото и полутемното, што ќе ја усогласи не атмосферата, туку композицијата. Во оваа смисла веќе се наметнуваат сликите со „Мртвите природи", додека пак сликата „Реквием" претставува успешен пример за посоченото, за селективноста и осмислената употреба на основниот мотивски предмет, кој во досегашната миметичка толеранција најповеќе се движеше околу вредностите на визуелната естетизација...

Љ. Пауновски

. . . Пред сѐ, Божурски почна да го дезинтегрира објектот, во чија внатрешност се извршени сецирања, вдлабнувања, расчленувања, со тоа што некои составни делови станаа самостојни целини во облик на засебни објекти, со чиста педантна геометриска оформеност на цртежот, со асоцијативна ориентација на новата мисловна — психолошка визија, фокус на комплексот рациналнили, чувствени и естетски соопштувања. Во нив е содржана пораката од еден нов тип, (што значи внатрешно преобликување на претходната идејна естетска клима) асоцијативна композиција која дава одреден геометризам воглавно лирски интонирана, реализирана со слободен потег, каде објектот се претвора во пулсација, ритам, арабеска и знак, давајќи и друга дименизја со современ ликовен сензибилитет . . .

Т. Андова

. . . 3. Предмет на претставувањето

Овој свет сеуште не е докрај исцрпен и нема потреба од навлегување во потрага по нови светови во кои уметничката вистина може да се еманира. Не заради тоа што неговите појавности се исцрпени, туку заради тоа што овој свет треба да се открива (не каков е, туку) каков не е: треба да се доживее како нештото што никој не го видел се ослободува од нешто што отсекогаш се гледало. Затоа, внатрешните, индивидуалните, херметичките и ини нови светови се оставаат во музејот на Модерната . . .

Н. Вилиќ

# КАТАЛОГ

## СЛИКИ

1. Множество, 1987, масла на платно, 705 x 815
2. Исткајана, 1988, масла на платно, 610 x 500
3. Слика 4, 1988, масла на платно, 705 x 815
4. Реквием, 1988, масла на платно, 755 x 655
5. Слика, 1988, масла на платно, 690 x 620
6. Слика 4+, 1988, комб. тех. на платно, 610 x 500
7. Задушница 1, 1991, масла на платно, 610 x 610
8. Мртва природа, 1991, масла на платно, 650 x 810
9. Мртва природа, 1991, масло на хартија, 750 x 650
10. Мртва природа, 1991, масло на хартија, 440 x 380
11. Мртва природа, 1991, масло на хартија, 440 x 380
12. Мртва природа, 1991, масло на хартија, 380 x 440
13. Задушница 2, 1991, масло на хартија, 560 x 450
14. Слика 1, 1991, масло на хартија, 440 x 380
15. Слика 2, 1991, масло на хартија, 550 x 450
16. Слика 3, 1991, масло на хартија, 550 x 450

## ЦРТЕЖИ

1. Апсида, 1989, ком. тех., 300 x 330
2. Еролит М-1, 1989, ком. тех., 260 x 230
3. Карпус — Еролит, 1989, ком. тех., 260 x 230
4. Цртеж, 1989, туш, 260 x 230
5. Цртеж-1, 1989, ком. тех., 300 x 250
6. Асоцијација, 1989, ком. тех., 300 x 250
7. Цртеж-4, 1989, ком. тех., 690 x 490
8. Еролит, 1989, туш, 690 x 490
9. Еролит-2, 1989, ком. тех., 690 x 490
10. Карпус, 1989, ком. тех., 500 x 400
11. Предел-10, 1988, туш, 690 x 490
12. Еролит-М, 1990, ком. тех. 690 x 490
13. Цртеж, 1990, ком. тех., 410 x 350
14. Цртеж-5, 1990, ком. тех., 490 x 690
15. Еролит, 1990, ком. тех., 690 x 490
16. Цртеж-6, 1990, ком. тех., 490 x 690
17. Асоцијација, 1990, ком. тех., 490 x 690
18. Еролит-торзо, 1990, ком. тех., 300 x 250
19. Цртеж-БИ, 1990, ком. тех., 260 x 230
20. Еролит-М4, 1990, ком. тех., 400 x 500
21. Цртеж-3, 1990, ком. тех., 260—230
22. Карпус-М10, 1990, ком. тех., 260—230
23. Еролит, 1990, ком. тех., 260 x 230
24. Цртеж-1, 1991, ком. тех., 260 x 250
25. Цртеж-2, 1991, ком. тех., 260 x 230
26. Задушница, 1991, ком. тех., 690 x 490
27. Цртеж-3, 1991, ком. тех., 490 x 690




Božurski/'91







ИЗДАВАЧ: Народен музеј — Куманово
ЗА ИЗДАВАЧОТ: Јоско Јакимовски
СЛАЈДОВИ И ФОТОГРАФИИ:
М. Стојановски
Б. Лефков
ПЕЧАТ: „Просвета" — Куманово
ТИРАЖ: 300 броја

БОЖУРСКИ
Уметничка галерија — Куманово
Септември 1991 година

